Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 од Законот за Младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), а согласно Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година, донесен од Агенција за млади и спорт и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21) и Одлуката за утврдување на услови за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младински центар во Велес, по предлог на Градоначалникот Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 63-та седница одржана на ден 22.04.2025 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за условите, начинот и постапката за избор на Младинска организација или Организација на млади која ќе раководи со Младинскиот Центар во Велес

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката за објавување на Јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, потребните документи при постапката на аплицирање од страна на апликантот, како и начинот на работа на Комисијата за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 2**

На Јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес имаат право да се пријават:

- Младински организации, или
- организации за млади со седиште или подружница во Општина Велес кои се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации во Регистарот на младински организации и организации за млади при Агенцијата за млади и спорт и Централен регистар на Република Северна Македонија со прилог Тековна состојба не постара од 6 (шест) месеци;
- постојат повеќе од 3 (три) години и работат во полето на младинската работа.

## III. ЦЕЛИ НА МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР

**Член 3**

Целта на постоењето на младинските центри е да обезбеди соодветен и безбеден простор каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку:

- Неформално образование: обучување и подучување на млади;
- Информирање, менторство, подучување и советување ;
- Информално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 4**

За функционирањето на Младинскиот центар, потребните финансиски средства се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес, а истите се предвидуваат со Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во тековната година.

Исплатата на финансиските средства ќе се врши на избраната Младинска организација или Организација за млади.

Општина Велес ќе ги обезбеди следните минимум услови за функционирање на Младинскиот центар во Велес и тоа:

- Соодветен простор, во согласност со стандардите утврдени со Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри;
- Режиски трошоци за работа на центарот;
- Минимум мебел и техничка опрема, во согласност со Програмата за работа на Младинскиот центар;
- Годишни програмски активности на центарот кои ќе вклучуваат и трошоци за ангажирање на најмалку едно лице – квалификуван младински работник кој ќе биде избран и предложени од младинската организација или организација за млади регистрирани во регистарот, лица избрани да управуваат со Младинскиот центар и ќе ја извршува функцијата на координатор на Младинскиот центар.

Локалната младинска организација или организација на млади која што ќе управува со Младинскиот центар, дел од средствата за основање и работа може да ги обезбедува преку соработка со бизнис заедницата и државни установи преку проекти финансирани од страна на странски фондации.

## V. КОМИСИЈА ЗА РАЗГЛЕДУВАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРИЈАВИ ЗА ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА ИЗБОР НА МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МЛАДИ КОЈА ЌЕ РАКОВОДИ СО МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР ВО ВЕЛЕС

**Член 5**

За спроведување на постапката за разгледување и еваулација на пријави за Јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, Градоначалникот формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик. Комисијата е составена од 3 (три) члена, претставници на општинската администрација за период до завршувањето на постапката за избор на организација по Јавниот повик.

Комисијата врз основа на доставената документација за исполнување на критериумите, во рок од 3 (три) дена по завршување на рокот од Јавниот повик, до Градоначалникот ќе достави Мислење со предлог за избор на младинска

организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

Врз основа на доставеното Мислење од Комисијата за разгледување и евалуација на пријави, Градоначалникот, во рок од најмногу 15 работни дена, донесува Решение за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес .

Во рок од 3 (три) дена од донесеното Решение за избор, Градоначалникот склучува Договор за управување со Младинскиот центар за период од 3 (три) години, со избраната младинска организација или организации.

Во случај на заедничка пријава од повеќе организации, Договорот ќе биде потпишан со една од организациите (предложена во апликацијата) во име на неформалната група организации.

**Член 6**

По завршување на Јавниот повик, претседателот на Комисијата во рок од 5 (пет) дена свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави со цел да се утврди дали истите се уредни и комплетни, односно дали ја содржат потребната документација од член 7 на овој Правилник.

Некомплетните барања нема да бидат предмет на понатамошна постапка.

Комисијата ги известува сите учесници на Јавниот повик за резултатите од истиот во рок од 3 дена од денот на донесувањето на Решението за избор.

Известувањето ќе се изврши со објавување на донесеното Решение за избор од Градоначалникот, на официјалната интернет страница на Општина Велес.

## VI. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 7**

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес се:

- Пријава;
- Портфолио на Младинската организација или Организација за млади која се пријавува на Јавниот повик, во кои јасно ќе се гледа нивниот придонес и работа во сферата на младинската работа;
- Биографии на сите лица кои ќе бидат ангажирани во спроведување на годишната програма – квалификувани младински работници врз основа на Националното портфолио за младински работници;
- Годишна програма за раководење со центарот, разложена на активности со финансиска конструкција согласно определениот годишен буџет за раководење со центарот;

## VII. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

**Член 8**

Пријавите со целокупната документација утврдена во член 7 на овој Правилник, во затворен коверт, се поднесуваат по поштенски пат или лично, до Комисијата за разгледување и евалуација на пријави, во архивата на Општина Велес, на ул. „Панко Брашнар", бр. 1, 1400 Велес, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

Службеникот во архивата на Општина Велес, примените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат пријавите.

На ковертот треба да е наведена назнаката **„За Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес”.**

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на Младинска организација или Организација на млади која ќе раководи со Младинскиот Центар во Велес со бр.25-1130/12 од 28.02.2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/22).

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Број 25-2397/19
22.04.2025 година
В е л е с

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за јавни дејности и
- Списи и архива.